# ЗАПИСНИК

од 12-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
20 и 21 декември, 2022 г.
(преку електронската платформа ZOOM)

**<u>Присутни</u>**:
Данела Арсовска (Градоначалничка на Град Скопје, претставувана од Зоран Глигоров), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир, претставуван од Фарук Невзати), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Митко Јанчев (Градоначалник на Општина Кавадарци), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје).

На состанокот беа присутни и тројца претставници од ЕВН вклучително и директорот Сашо Солтировски.

<u>Напомена</u>: Управниот одбор ја одржа оваа седница на електронски начин, преку користење на видео платформата ZOOM. Седницата започна во 14 ч, а продолжи на 21 декември.

**<u>Дискусија</u>**:

Управниот одбор на оваа седница го сувои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Дискусија во однос на актуелните состојби поврзани со висината на комуналната такса за улично осветлување
2. Разно

ПРВА ТОЧКА: Дискусија во однос на актуелните состојби поврзани со висината на комуналната такса за улично осветлување

Присутните беа информирани за укажувањето на министерот за локална самоуправа г. Пенов на Управниот одбор за начинот на утврдување на висината на комуналната такса за улично осветлување. Согласно истото укажување, Советите на општините и Градот Скопје можат самостојно да донесат Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за улично осветлување. Ова прашање беше многу пати разгледувано на седниците на Управниот одбор на ЗЕЛС, беа остварени состаноци со Министерството за финансии како надлежен орган за примена на Законот за комуналните такси, а се отвори и дискусија со Регулаторната комисија за енергетика. Од страна на последните беше укажано дека заради примена на Директивите на Европската унија, категоријата на цена за улично осветлување нема во иднина да се изразува, иако оваа категорија на цена е изречно утврдена со членот 20, тарифен број 10 од Законот за комуналните такси. Таквата промена предизвика огромна правна несигурност и значително ги намали приходите на општините по овој основ, заради што во изминатиот период започнаа да се генерираат и долгови, а се во услови на зголемена цена на електрична енергија. Во недостаток на изречно утврдена вредност за пресметка на комуналната такса, истата до денес се пресметува и се изразува онака како што се пресметуваше пред зголемувањето на цената на електричната енергија, односно пред 1 јули, 2022 г.

Беше укажано и дека со Законот за комуналните такси се утврдува дека висината на комуналните такси во рамките утврдени со соодветната тарифа, со одлука ја утврдува советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје. Со оглед дека цената за уличното осветлување не е изразена со тарифникот за утврдување на цената на електричната енергија кој го донесува Регулаторната комисија за енергетика, беше предложено Управниот одбор да утврди свој Предлог со кој на Советите на општините ќе им предложи да донесат поединечни Одлуки согласно со членот 2, став 2 од Законот за комуналните такси, со која ќе утврдат усогласена вредност на висината на комуналната такса за улично осветлување. Беше предложено, висината на комуналната такса да се пресметува согласно одредбите на Законот за комуналните такси кога за цена на Kw/h ќе се земе висината на цената на електрична енергија која е утврдена за мали потрошувачи (ноќна тарифа) - НТ во висина од 10,1348 денари за kW/h, зголемена за тарифата за пресметковни елементи за активна електрична енергија за категорија на потрошувачи LV 1.1. во висина од 2,4907 денари за kW/h, односно вкупна збирна вредност од 12.6255 денари за kw/h.

Истовремено беше предложено дека, доколку така одлучи Советот на општината и Градот Скопје, Одлуката да може да гласи дека висината на комуналната такса ќе се пресметува како збир од цената на сила за мали потрошувачи (ниска тарифа) – НТ, зголемени за тарифата за пресметковни елементи за активна електрична енергија за категорија на потрошувачи LV 1.1., односно изразена како збир по kW/h. Беше образложено дека на овој начин би се избегнала потребата од постојано донесување на нова Одлука во случај кога би дошла промена на цената на електричната енергија од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Останатите изнесени аргументи беа дека на овој начин општините ќе треба да ја понесат одговорноста за наметнување повисоки такси за граѓаните, заради што беше изразен концептот, општините, за потрошената електрична енергија да бидат тарифирани по цени на произведена енергија на ЕСМ, а не според цените на краен давател на услуга, што всушност претставува берзанска цена на електричната енергија зголемена за 20%.

Со оглед дека станува збор за многу краток период непосредно пред 1 јануари кога и ќе започне да се применува мерката со која општините ќе бидат доведени во крајно неповолна положба, ќе имаат огромни расходи и ќе генерираат долгови, беше побарано да се одржи итна средба со Министерот за економија г. Крешник Бектеши.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС заклучи дека во овој момент не е целисходно да се пристапи кон зголемување на комуналната такса за улично осветлување заради наметнување на дополнителни давачки за граѓаните, а за решавање на проблемот кој е од неодложна потреба за општините, ЗЕЛС бара итна средба со Министерот за економија г. Бектеши кому ќе му се соопшти предлогот општините да бидат снабдувани со електрична енергија од ЕСМ по цена на произведена електрична енергија.

Под точката разно немаше дискусија.

**Скопје, 20 декември, 2022 г.**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Потпретседател,**
**Висар Ганиу**